# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

22 Мај 2019 година, Гевгелија Број 5 Година XXXIX

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 21.05.2019 година, по расправата за Предлог-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година за периодот од 01.01.2019г. – 31.03.2019 година (кумулатив), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 год. за периодот од 01.01.2019г. - 31.03.2019 год. (кумулатив).

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-865/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), а во врска со член 36 став (4) од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08, 103/08, 15/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16г.) и член 38 став (1) точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
## за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година, кој што е објавен во ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.15/2018г. и 03/2019 год.), во делот на буџетот на **основниот буџет**, на следниот начин:

Потпрограма и назив на програмата

| Потставка и опис на потставката | буџет | самофинанс. | Дотации | Донации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|

1.Се зголемува потставката во следната потпрограма во основниот буџет -630 :

**ЈГИ ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА**

| | |
|---|---|
| 482720 Изградба на капацитети Водоснабдување | 3.684.000 |

2. Се намалува следната потпрограма со следните потставки во буџет-основен-630

**Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**

| | |
|---|---|
| 401120 Основни плати-државни службеници | -1.700.000 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | - 324.000 |
| 493210 Отплата на главнината на долгорочни Позајмувања од централниот буџет | - 1.660.000 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", и е составен дел на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година.

Бр.09-866/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Одлуката за кофинансирање на проектот за изградба на нови училници во СОУ "Јосиф Јосифовски" – Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за кофинансирање на проектот за изградба на нови училници во СОУ "Јосиф Јосифовски" – Гевгелија, донесена од Советот на општина Гевгелија под бр.09-2095/1 од 15.11.2017 година.

Во член 2 од оваа Одлука, наместо износот на дополнителното кофинансирање на овој проект од 3.659.523,оо денари, треба да стои: **"5.665.080,оо денари".**

**Член 2**

Останатите одредби од оваа Одлука остануваат непроменети.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-867/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ"бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 год.), член 22 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ" бр.193/16 и 72/2018 год.) и член 38 став (1) точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/2006, 8/2010 и 18/2014 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден ден 21.05.2019 година, донесе:

**ПРОГРАМА**

**За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2019 година**

**Член 1**

Во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2019 година („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.15/2018), во глава IV.„Извори за финансирање на Програмата“, во табелата во точка 4 износот „25.435.000,00“ се заменува со износот „27.687.000,00“.

Во истата табела, во делот „Вкупно приходи“, износот „62.635.000,00“ се заменува со износот „64.887.000,00“.

**Член 2**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување“, во првиот ред, износот „6.085.000,00“ се заменува со износот „8.337.000,00“.

Ви истата програма ЈГ, во вториот ред „потпрограма ЈГ0 Изградба на системи за водоснабдување“, износот „3.000.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

Ви истата програма ЈГ, во делот „потпрограма ЈГИ Изградба на систем за дополнително водоснабдување на Гевгелија“, и во т.1.1.1. од истата потпрограма, износот „3.085.000,00“ се заменува со износот „8.337.000,00“.

**Член 3**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во делот „Вкупно“, износот „62.635.000,00“ се заменува со износот „64.887.000,00“.

**Член 4**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата „Рекапитулација на расходите“ во делот „Ј Комунални дејности“, износот „25.435.000,00“ се заменува со износот „27.687.000,00“.

Во истата табела во делот „Програма ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување“, износот „6.085.000,00“ се заменува со износот „8.337.000,00“.

Во делот „Вкупно расходи“, износот „62.635.000,00“ се заменува со износот „64.887.000,00“.

**Член 5**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-868/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 21.05.2019 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2018 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2018 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-869/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 21.05.2019 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2018 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2018 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-870/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на Грантовата шема овозможена во рамките на проектот "Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – I фаза, врз основа на член 26 став (1) алинеа 10 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РМ" бр. 63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18 год.) и член 38 став (1) точка 30 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

за обезбедување средства за одржување на Агрометеоролошки станици во рамките на Проектот **"Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќаат сите обврски за имплементирање на проектот **"Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина"**, поддржан преку Грантовата шема во рамките на зададените рокови.

**Член 2**

Водечки партнер на Проектот е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, а проектни партнери се сите 10 општини од Југоисточниот плански регион.

**Член 3**

Општина Гевгелија се обврзува дека за потребите на проектот ќе обезбеди:
-Компјутер каде ќе биде инсталиран софтвер за функционирање на Агрометеоролошките станици;
-Соодветна просторија за одржување на информативни и советодавни настани за земјоделците и сите заинтересирани страни, за времетраењето на проектот;
-Почнувајќи од јануари 2020 година, ќе обезбедува финансиски средства за одржување на поставените Агрометеоролошки станици, за што секоја општина ќе потпише Договор со избран оператор.

**Член 4**

Оваа одлука влегува на сила од денот на нејзино донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-871/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр.05/02 год.), член 38 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), а во врска со Одлуката за аплицирање и имплементација на проектот **"Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап"**, за промоција на прекуграничната соработка помеѓу Р.Македонија-Р.Бугарија со број: **09-143/1 од 21.01.2016 година,** Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За позајмица на средства од Буџетот на општина Гевгелија за реализација на Проектот **"Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап", реф. бр.** CB006.1.21.183,

**Член 1**

Заради потребата од реализација на активностите на Проектот **"Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап",** предвидени до 06.06.2019 година, Советот на општина Гевгелија одобрува на Проектот **"Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап",** позајмица од 4.080.120,оо денари од сметката на општина Гевгелија на сметката на Проектот, финансиран од ЕУ преку Програмата за прекугранична соработка, Интеррег - Инструмент за предпристапна помош (ИПА) Република Бугарија – Република Македонија, референтен бр.CB006.1.21.183, а согласно Договорот РД 02-29-153/06.06.2017 година во кој општина Гевгелија е Лидер партнер.

**Член 2**

Висината на финансиските средства од износ од **4.080.120,оо денари (66.344 евра)** наведени во член 1 од оваа Одлука при позитивна ревизија ќе се повратат на сметката на општина Гевгелија.

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила од денот на нејзино донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за добивање на кредит за општини во РМ за реализација на проекти од ИПА компонентата од Македонската банка за поддршка на развојот за реализација на Проектот: "Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап", донесена од Советот на општина Гевгелија под бр.09-1427/1 од 24.09.2018 година.

Бр.09-872/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 3 и 5 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## За давање на управување и користење на изведена градба на објект - систем за обезбедување на дополнителни количини за дополнително водоснабдување на општина Гевгелија на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давање на управување и користење на изведена градба на објект – Систем за обезбедување на дополнителни количини за дополнително водоснабдување на Гевгелија, од општина Гевгелија на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, како давател на услуги.

**Вкупната вредност на изградениот објект - систем за обезбедување на дополнителни количини за дополнително водоснабдување на Гевгелија изнесува 109.466.709,оо денари.**

**Член 2**

Со предавањето на овој објект на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, се предава и основниот проект за обезбедување на дополнителни количини за дополнително водоснабдување на Гевгелија со технички бр. 612-09-14, изработен од Градежниот институт "Македонија" - А.Д. Скопје.

**Член 3**

За примопредавањето на изведената градба на објектот - систем за обезбедување на дополнителни количини за дополнително водоснабдување на Гевгелија, ќе се формира Комисија од претставници од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и општина Гевгелија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-873/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за пренесување на обврската за плаќање на потрошена електрична енергија на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, фактурирана на општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пренесува обврска на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија да исплати финансиски средства на општина Гевгелија, коишто претходно се фактурирани и исплатени од општина Гевгелија за испорачана електрична енергија од КЕЦ "ЕВН"-Гевгелија за место на потрошувачка бр.000000120159, наменети за нормално функционирање на Системот за обезбедување дополнителни количини за дополнително водоснабдување на Гевгелија.

**Член 2**

Со денот на примопредавањето на овој објект од општина Гевгелија на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, обврската за подмирување на фактурите за потрошената електрична енергија преминува на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-874/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување ("Службен Весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 год.) и член 38 став (1) точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување на претседателот и членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди во општина Гевгелија**

**1.** Во комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди во општина Гевгелија, поради истекот на мандатот, **се разрешуваат:**

**претседателот:**

- Александар Делиџаков, дипл. машински инженер,

**членовите:**

-Ивана Чочкова-Гелова, дипл. агроном,

-Филип Филиповски, градежен инженер,

-Томе Делев, дипл. земјоделски инженер,

-Марија Николова-Петреска, дипл.економист.

**2.**Примерок од Решението да се достави до разрешените членови.

**3.**Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-875/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување ("Службен Весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 год.) и член 38 став (1) точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување на претседател и членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди во општина Гевгелија**

**1.** Во комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди во општина Гевгелија, се именуваат следниве лица:

**претседател:**

- Филип Филиповски, со завршена виша градежна школа, од Гевгелија,

**членови:**

- Димитар Шуклев, дипл. земјоделски инженер од Гевгелија,
- Ристо Картов, дипл.правник од Гевгелија,
- Атанас Стојанов, дипл. земјоделски инженер од Гевгелија,
- Ѓургица Јаневска, дипл.агроинженер од Гевгелија.

2. Претседателот и членовите на оваа Комисија имаат мандат од четири години.

3.Примерок од Решението да се достави до именуваните членови на Комисијата.

4.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-876/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на претседателот и членовите на Комисијата за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија**

1.Во комисијата за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија, поради истекот на мандатот, **се разрешуваат:**

**претседателот:**
- Ристо Стамков, историчар и музичар во пензија,

**членовите:**
- Љубица Гунова, македонист во пензија,
- Миле Смилков, историчар,
- Оливер Ташев, историчар, и
- Саша Јованов, археолог.

2.Примерок од Решението да се достави до разрешените членови.
3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-877/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија**

1. Во комисијата за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија, се именуваат следниве лица:

**претседател:**
- Тони Аврамов, дипл.професор по македонски јазик од Гевгелија.

**членови:**
- Петко Смилков, дипл.професор по математика од Гевгелија,
- Тања Трајковска, дипл.професор по историја од Гевгелија,

- Оливер Ташев, дипл.професор по историја од Гевгелија,
- Саша Јованов, дипл. археолог од Гевгелија.

2.Мандатот на именуваните членови на Комисијата изнесува четири години.

3.Примерок од Решението да се достави до именуваните членови на Комисијата.

4.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-878/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 13 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 г.) и член 38 став (1) точка 35 и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06, 08/10и 18/14 год..), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, по расправата за Извештајот од Полициската станица од општа надлежност –Гевгелија за состојбата со јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот од Полициската станица од општа надлежност – Гевгелија за состојбата со јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година, под службен бр.33.5.3-07/1 од 08.01.2019 година.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до МВР, сектор за внатрешни работи-Струмица, полициска станица од општа надлежност-Гевгелија, и до Народниот правобранител.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-879/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 100 став (3) од Законот за социјална заштита ("Службен весник на РМ" бр.79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18 год.), член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи-Гевгелија како претставник на општина Гевгелија**

1. Во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи- Гевгелија како претставник на општината, поради изборот на функцијата член на Советот на општина Гевгелија, се разрешува:
- Александра Караманова, со ВСС-Правен факултет, од Гевгелија.
2. Решението да се достави до Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Гевгелија и до разрешеното лице.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-880/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 100 став (3) од Законот за социјална заштита ("Службен весник на РМ" бр.79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18 год.), член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.05.2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи-Гевгелија како претставник на општина Гевгелија**

1. Во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи- Гевгелија како претставник на општината, се именува:
- Миле Атанасов, со ВСС-Факултет за царина и шпедиција, од Гевгелија.
2. Решението да се достави до Меѓуопштинскиот центар за социјални работи-Гевгелија, и до именуваното лице.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-881/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 13 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 66/04, 88/15, 152/15 и 39/16 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.05.2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување член во Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"- Гевгелија**

1.Во Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија, поради поднесена неотповиклива оставка од лични причини, **се разрешува**:
- Спасија Шопчева, со ССС, од Гевгелија.
2. Примерок од Решението да се достави до ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" – Гевгелија, и до разрешеното лице.
3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-882/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 13 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 66/04, 88/15, 152/15 и 39/16 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член во Управниот одбор**
**на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија**

1.Во Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија, **се именува:**
- Катица Јованова, дипл. биотехнолог од Гевгелија.
2. Примерок од Решението да се достави до ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" – Гевгелија, и до именуваното лице.
3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-883/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 38 став (1) точка 7 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За измена и дополнување на Програмата за изработка**
**на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година**

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.01/19 и 02/19 год.), се врши следнава измена и дополнување:

Во Глава II, поднасловот 2 “Изработка на Детални урбанистички планови за град Гевгелија по блокови и ревизија и измена на донесени Детални урбанистички

планови согласно приложената скица“ после став 2.8. се додава нов став 2.9 кој гласи:

**"Измена и дополнување на Детален урбанистички план дел од Блок 10.5 општина Гевгелија".**

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-884/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 38 став (1) точка 7 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

## ПРОГРАМА
## За измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.01/19 и 02/19 год.), се врши следнава измена и дополнување:

Во Глава II, поднасловот 2 “Изработка на Детални урбанистички планови за град Гевгелија по блокови и ревизија и измена на донесени Детални урбанистички планови согласно приложената скица“ после став 2.7 се додава нов став 2.7.1 кој гласи:

**"Детален урбанистички план за дел од Блок 7, (7.5) општина Гевгелија".**

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-885/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 38 став (1) точка 7 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

## ПРОГРАМА
## За измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.01/19 и 02/19 год.), се врши следнава измена и дополнување:

Во Глава II, поднасловот 2 "Изработка на Детални урбанистички планови за град Гевгелија по блокови и ревизија и измена на донесени Детални урбанистички планови согласно приложената скица" после став 2.4 се додава нов став 2.4.1 кој гласи:

**"Детален урбанистички план за дел од Блок 4, (дел од 4.3) општина Гевгелија".**

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-886/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (1) и (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Службен гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 год., донесе

## ОДЛУКА
## За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за с.Хума (КП бр.1209 КО Хума)

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистички план (УП) за с.Хума, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден индивидуален станбен објект-викенд куќа на КП бр.1209 КО Хума, во класа на намена А4 (времено сместување), а **по барање Уп.1 бр.11-388-л од 14.12.2018 година од Даниел Карамфиловски од Гевгелија.**

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,.

Бр.09-887/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (1) и (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко

планска документација („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 год., донесе

## ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за с.Конско (КП бр.700 КО Конско)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистички план (УП) за с.Конско, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден индивидуален станбен објект-викенд куќа на КП бр.700 КО Конско, во класа на намена А4 (времено сместување), а **по барање Уп.1 бр.11-449-л од 24.12.2018 година од Венци Шаренков со стан на ул. "Слободан Митров-Данко" бр.59 од Гевгелија.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија„.

Бр.09-888/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

## ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација на земјиштето на КП бр.1177/1 КО Хума**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација (УП за с.Хума), со која ќе се врши вклопување на изграден станбен објект на Никола Полизоев од Гевгелија на КП бр.1177/1 КО Хума, во класа на намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија„.

Бр.09-889/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Службен гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
**За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација на земјиштето на КП бр.1113 КО Хума**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација (УП за с.Хума), со која ќе се врши вклопување на изграден станбен објект на Стефан и Митра Стефанови од Гевгелија на КП бр.1113 КО Хума, во класа на намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,.

Бр.09-890/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (1) и (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Службен гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
**За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за с.Хума (КП бр.1061 КО Хума)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистички план (УП) за с.Хума, со кое ќе се врши вклопување на бесправно изграден индивидуален станбен објект-викенд куќа на КП бр. 1061 КО Хума во с.Хума, во класа на намена А1-домување, поднесено со Уп.1 бр.11-191-л од 05.02.2016 година од барателот Тони Николов со стан на ул. "Илија Миов" бр.75 од Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,.

Бр.09-891/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 89 став (1) алинеа 3 од Законот за средно образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 26/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ( "Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.05.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" - Гевгелија по ставки и потставки за периодот јануари-декември 2019 година за сметка 715010824990313**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" - Гевгелија по ставки и потставки за периодот јануари-декември 2019 година за сметка 715010824990313, изготвени и предложени од средното општинско училиште под бр.05-435/1 од 15.05.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-892/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), а во врска со член 36 став (4) од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08, 103/08, 15/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16г.) и член 38 став (1) точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

# ОДЛУКА
## за зголемување и пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши зголемување и пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година, кој што е објавен во "Службен гласник на општина Гевгелија" бр.15/2018г. и 03/2019 год.), во делот на буџетот на **блок-дотацијата**, на следниот начин:

| Потпрограма и назив на програмата<br>Потставка и опис на потставката | буџет | самофинанс. | Дотации | Донации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.-Се зголемуваат приходите на следната потставка на блок дотацијата - 930: | | | | | |
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНАТА** | | | | | |
| **741114 Пренесен вишок на приходи** | | | **1.444.021** | | |
| **И се распоредуваат на следната потпрограма и расходна потставка на буџетот на блок дотација – 930** | | | | | |
| **Н20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| **480160 – Купување на опрема за греење и климатизација** | | | **1.444.021** | | |

2. Се врши пренамена-намалување на следната потпрограма со следните потставки во блок дотацијата-930

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Н20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| **482930 Реконструкција на други објекти** | | | **-650.000** | | |
| **424210 Одржување на згради** | | | **-274.116** | | |
| **И се врши зголемување на следната потпрограма со следните потставки во блок дотацијата – 930** | | | | | |
| **Н20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| **480160 Купување на опрема за греење и климатизација** | | | **405.979** | | |
| **483120 Купување на училишен мебел** | | | **518.137** | | |

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", и е составен дел на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година.

Бр.09-893/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 34-в од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16,127/16,67/17 и 64/18), член 24-в од Законот за средно образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18) и член 14 став (8), член 62 став (6), член 91 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија", бр.25/06, 08/10 и 18/14год.) Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

## РЕШЕНИЕ
## за формирање Комисија за планирање, реализација и следење на активности за меѓуетничка интеграција во образованието

1. Заради организирање и следење на активностите за меѓуетничка интеграција во општинските училишта за основно и средно образование, се формира Комисија во состав:
- Михаил Петров, директор во ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија;
- Кети Аврамчева, в.д. директор во ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија;
- Васка Ефтимова, одделенски наставник во ООУ "Климент Охридски"-Миравци;
- Венци Попов, наставник во ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци;
- Соња Јованова, балетски корепетитор, во ОМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија;
- Снежана Арџанлиева-Танева, професор во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија;
- Катерина Ризова, раководител на Одделение за образование во Општина Гевгелија, и
- Билјана Арџанлиева, помлад соработник за соработка со корисници на јавни услуги во Општина Гевгелија.

Комисијата ќе ги има следниве активности:
- Подготовка на елементи за општинска Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост;
-Планирање и изработка на општински акционен план, заснован на акционите планови утврдени во годишните програми на училишата;
-Информирање на јавноста, изработка на квартални и годишни извештаи од имплементацијата на планот за мерење на постигнувањата во областа на интегрираното образование на територијата на општина Гевгелија и
-Доставување на збирни извешати до Градоначалникот, Советот на општината, ЗЕЛС и надлежниот сектор при МОН.

2. Мандатот на членовите на оваа Комисија е 2 (две) години.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник" на општина Гевгелија.

Бр.08-863/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***М-р Сашо Поцков с.р.***

---

## СОДРЖИНА

1.Заклучок за усвојување Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година за приод од 01.01.-31.03.2019 год. (кумулативно) .. 403
2.Одлука за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ........ 403
3.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за кофинансирање на проктот за изградба на нови училници во СОУ "Ј.Јосифовски" Гевгелија ................................ 404
4.Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2019 година ................................................. 405
5.Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2018 година ............................................ 406

6.Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2018 година ........................................................................ 406

7.Одлука за обезбедување средства за одржување на Агрометеоролошки станици во рамките на Проектот "Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина" ............................................................ 406

8.Одлука за позајмица на средства од Буџетот на општина Гевгелија за реализација на Проектот "Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап" .............................................. 407

9.Одлука за давање на управување и користење на изведена градба на објект - систем за обезбедување на дополнителни количини за дополнително водоснабдување на општина Гевгелија на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ............................................ 408

10.Одлука за прнесување на обврската за плаќање на потрошена електрична енергија на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија, фактурирана на општина Гевгелија ....... 409

11.Решение за разрешување на претседател и членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди во општина Гевгелија ........................................................................................................................................ 410

12.Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди во општина Гевгелија ........................................................................................................................................ 410

13.Решение за разрешување на претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија ........................................................................................ 411

14.Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија ........................................................................................ 411

15.Заклучок по Извештајот од Полициската станица од општа надлежност Гевгелија за состојбата со јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година ........................................................................................................................ 412

16.Решение за разрешување на член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Гевгелија како претставник на општина Гевѓелија ........ 412

17.Решение за именување на член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Гевгелија како претставник на општина Гевгелија ........ 413

18.Решение за разрешување член во УО на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија ............................................................................................................................ 413

19.Решение за именување член во УО на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија ............................................................................................................................ 414

20.Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година ........................................ 414

21.Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година ........................................ 415

22.Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година ........................................ 415

23.Одлдука за утврдување потреба од донесување на УПД за с.Хума (КП бр.1209 КО Хума) ............................................................................................................ 416

24.Одлдука за утврдување потреба од донесување на УПД за с.Конско (КП бр.700 КО Конско) ............................................................................................................ 417

25.Одлдука за утврдување потреба од донесување на УПД на земјиштето на КП бр.1177/1 КО Хума ............................................................................................................ 417

26.Одлдука за утврдување потреба од донесување на УПД на земјиште на КП бр.1113 КО Хума ........................................................................................................ 418
27.Одлдука за утврдување потреба од донесување на УПД за с.Хума (КП бр.1061 КО Хума) ........................................................................................................ 418
28.Решение за усвојување на измение и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија по ставки и потставки за периодот јануари-декември 2019 година за сметка 715010824990313 ........................................ 419
29.Одлука за зголемување и пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ........................................................................................................ 420

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за формирање Комисија за планирање, реализација и следење на активности за меѓуетничка интеграција во образованието ........................................ 421

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија